РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 08-254/1
17.04 2026 год.
СКОПЈЕ-ЦЕНТАР

# УПИС НА УЧЕНИЦИ ВО I (ПРВО) ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНА 2026/2027 ГОДИНА

Врз основа на член 60 од Законот за основно образование (Сл.весник бр.161 /19, 229/20 и 3/25) и ООУ „Кочо Рацин" – Скопје, Општина Центар објавува:



## И З В Е С Т У В А Њ Е



**за запишување ученици во прво одделение**
**во учебната 2026/2027 година**

**Право за запишување во прво одделение имаат:**
- деца родени 2020 год., односно кои до крајот на календарската 2026 година ќе наполнат 6 години.
- деца кои до 31 јануари 2027 ќе наполнат 6 години, по писмено барање на родителот и со добиено мислење од педагог и психолог од училиштето.

**Родителот/старателот потребно е најпрво да пополни пријава за запишување на детето.**

Пријавата за упис на првачиња родителот ја пополнува електронски преку веб страната на училиштето: **www.kocoracin.edu.mk**

Дополнително ќе бидете известени телефонски за терминот на тестирање кој ќе се реализира во месец мај (до 31.05.2026 година). На денот на тестирање, родителот/старателот е должен да ја носи целосната документација.

**За запишување во прво одделение потребни се следните документи:**

- Лична карта од родител - на увид
- Извод од матична книга на родени за детето (може и копија)
  - Задолжително носење на досие на дете од предучилишната установа( доколку посетувало детето)

➢ Врз основа на член 60 став 2 и став 3 при запишувањето на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави:

1. Потврда за примените задолжителни вакцини за детето издадена од надлежна здравствена установа. Потврдата за примени вакцини треба да се извади од советувалиште за вакцини или т.н. вакцинални пунктови.
2. Потврда од стоматолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа (Детска стоматологија „Идадија").
3. Потврда од офталмолошки преглед издадена од надлежна здравствена установа.
4. При запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост, за дополнителна образовна поддршка.

**Реонизација на училиштата**

Врз основа на член 63 од Законот за основно образование (Сл.весник бр.3/25 од 03.01.2025 година):
- Родителот, односно старателот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее или каде што постојано престојува.
- Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.
- Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување или доколку ученикот од другиот реон или општина нема можност за следење на наставата на својот мајчин јазик во својот реон односно општина.

**НАПОМЕНА:**
- Родителот, односно старателот на ученикот е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание (член 8 став (2), пропишана во Законот за основно образование.

**17.04.2026 година**
**Скопје**



**Директор**
**Гордана Јаневска**

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КОЧО РАЦИН СКОПЈЕ ЦЕНТАР